Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 7, 12мај 2008 година

мај 2008
Штип

## С О Д Р Ж И Н А

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник за научната област хемија при Факултетот за рударство, геологија и политехника при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип ........ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник - соработник по предметот Казнено право на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип ........ 6

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Минералогија" од проф. д-р Тена Шијакова-Иванова од Факултетот за рударство, геологија и политехника при Универзитетот„Гоце Делчев" – Штип ........ 9

**РЕЦЕНЗИЈА** на докторска дисертација со наслов „Анализа, проектирање и оптимизирање на локални вентилациони системи во рудниците и тунелите" од кандидатот м-р Дејан Мираковски, Факултет за рударство, геологија и политехника при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип ........ 11

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за учебникот „Заштита на подземни води" од авторите проф. д-р Војо Мирчовски од Факултетот за рударство, геологија и политехника при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип и проф. д-р Дарко Мајер од Рударско-геолошко-нафтениот факултет при „Загребачко свеучилиште" во Загреб ........ 13

Издавач:
Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Борис Крстев, дипл. правник Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК - СОРАБОТНИК ПО ПРЕДМЕТОТ КАЗНЕНО ПРАВО НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" ВО ШТИП**

Наставно-научниот совет на Правниот факултет во Кочани, при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, на седницата одржана на 29 јануари 2008 година формира Рецензентска комисија во состав: академик проф. д-р Владо Камбовски, претседател, проф. д-р Љупчо Арнаудовски, член, и проф. д-р Стеван Алексовски, член, за избор на наставник- соработник по предметот Казнено право.

На објавениот конкурс за избор на наставник-соработник се пријави само кандидатот д-р Тодор Витларов, виш јавен обвинител во Вишото јавно обвинителство во Штип.

Како членови на Комисијата за избор на наставник-соработник со звање доцент на Правниот факултет во Кочани, на Наставно-научниот совет му го поднесуваме следниот

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

**Д-р Тодор Никола Витларов** е роден на 27 септември 1958 година во Штип. На Правниот факултет во Скопје се запишува во учебната 1976/1977 година на правосудна насока и дипломира во февруари 1981 година, со просечна оценка 8,52.

Во 1981 година се вработува како приправник, а по положувањето на правосудниот испит во 1982 година продолжува со работа како стручен соработник во тогашното Окружно јавно обвинителство во Штип.

Во 1984 година е именуван за заменик на основниот јавен обвинител во Штип и оваа функција ја извршува до 1997 година.

На 1 април 1997 година е именуван за виш јавен обвинител во Вишото јавно обвинителство во Штип, а оваа функција ја извршува и денес.

***Научен развој***

По положувањето на испитите на постдипломските студии на Катедрата за казнено право и криминологија на Правниот факултет во Скопје, под менторство на д-р Никола Марковски, во јануари 1999 година го одбранува својот магистерски труд на тема „Јавно обвинителство".

На 17 март 2006 година на Правниот факултет во Скопје, под менторство на академик проф. д-р Владо Камбовски, ја одбранува својата докторска дисертација на тема „Казнено-правна заштита од корупција".

Членува во Извршниот одбор на Здружението за казнено право и криминологија на Македонија, а сега е претседател на Собранието на ова здружение и член на Издавачкиот одбор на Македонската ревија за казнено право и криминологија.

Во периодот 1999-2002 година учествува во програмата „Октопод 1 и 2" за борба против организираниот криминал, организирана од страна на Советот на Европа.

Членува во Евалуациониот тим за РМ, во групата на земји-членки на Советот на Европа за борба против корупцијата – ГРЕКО.

Во периодот 1999-2001 година е претседател на Здружението на јавните обвинители во Република Македонија.

Како претставник на Јавното обвинителство, членува во Меѓуресорското тело на Владата на РМ за борба против корупцијата.

Како член на работни групи при Министерството за правда на Република Македонија, активно е вклучен во изготвувањето на донесените Закони за јавното обвинителство и Советот на јавните обвинители, како и сите досегашни измени и дополнувања на

Кривичниот законик и Законот за кривичната постапка.

Во моментов е член на работната група за изготвување на нов Закон за кривична постапка, во делот на предистражната постапка и истрагата.

Член е на Програмскиот совет и постојан едукатор на Академијата за обука на судии и јавни обвинители.

Со свои трудови и воведни излагања како модератор, бил вклучен во многубројни семинари, организирани од страна на Здруженијата на судии и јавни обвинители.

***Објавени наулни и струлни трудови***

Д-р Тодор Витларов својот магистерски труд го објавува во 1999 година со наслов „Јавното обвинителство во правниот систем на Република Македонија“. Докторската дисертација ја објавува во 2006 година со наслов „Репресија и превенција на корупцијата“.

Исто така, тој е коавтор на трудот „Системска анализа за законската рамка и соработка меѓу надлежните институции во борбата против организираниот криминал“, објавен од фондацијата Институт отворено општество – Македонија во јуни 2005 година, во Скопје.

*Во списанието Безбедност:*

- „Односот на пресудата кон обвинението“, бр. 2/95;
- „Мерката притвор во судската практика“, бр. 4/97;
- „Изборот на јавните обвинители“ бр. 1,1/99;
- „Отстапување од принципот на легалитет“, бр. 3/98.

*Во Македонска ревија за казнено право и криминологија:*

- „Даночно затајување“, бр. 1/97;
- „Улогата на јавниот обвинител во откривањето на организираниот криминалитет“, бр. 1-2/2000;
- „Барање за собирање на потребни известувања“, бр. 1/2000;
- Положбата на јавниот обвинител во правниот систем на РМ и Препораките на Советот на Европа“, бр. 2/2000;
- „Казнената политика низ призмата на генералната превенција на казната“, бр. 1/2005;
- „Правните лица како субјект на казненото право“, бр. 2/2006;
- „Улогата на јавниот обвинител во предистражната постапка“, бр.2/2007.

*Во Судска ревија:*

- „Кривичното гонење во правниот систем на Англија“, бр. 1/2000;
- „Јавноста и јавното обвинителство“, бр. 2/2000;
- „Специјалните истражни мерки во борбата против организираниот криминалитет“, бр. 2/2002;
- „Законодавното искуство на Република Хрватска во борбата против организираниот криминалитет“, бр. 1/2004;
- „Казнивите дела на даночно затајување по правниот систем на РМ“, бр.2/2004;
- „Шеесет години од Јавното обвинителство во Република Македонија“, бр. 1/2005;
- „Кривичното дело злоупотреба на службената положба и овластување чл.353 од КЗ, во практичната примена“, бр. 2/2005;
- „Конфискација и привремени мерки за одземање на имотна корист од кривично дело“, бр. 1/2006;
- „Казнено-правни мерки за заштита на правата од чл. 3 на Европската конвенција во Р. Македонија“, бр. 3/2006;
- „Казнено-правна заштита на животната средина“, бр. 2/2007.

*Други објавени трудови:*

- „Казнена одговорност на правните лица“, Правник, април 2005 г.;
- „Јавното обвинителство и функцијата на прогонот во функција на превенција на малолетничката деликвенција“, превентивен акционен план на РМ во издание на Советот за превенција против малолетници, Кавадарци, 2000 г.;
- „Начелото на опортунитет во кривичното гонење против малолетни сторители на кривични дела“, Мултидисциплинарен семинар за спроведување на малолетничкото правосудство, Струга, 2001 г.;
- „Даночното затајување согласно КЗ и кривичните дела од посебните закони за даноци, – Фискален практимум бр. 4/2005;
- „Правните лица како субјект на казненото право“ , Зборник на трудови во чест на проф. д-р Фрањо Бачиќ, издаден од Правниот факултет „Јустинијан Први“, Скопје, 2007 г.

Како што произлегува од биографските податоци и научниот развој, кандидатот д-р Тодор Витларов има обемен и потврден ангажман на стручен план во домашни и странски органи и институции, во кои неговиот придонес е несомнен.

Со континуираното објавување на трудови во нашите стручни списанија, тој разработува актуелни проблеми во прилог на реформата на нашето казнено законодавство. Токму во таа смисла неговите трудови претставуваат научен и стручен придонес на нашата наука и практика.

Д-р Тодор Витларов е активен учесник на расправите, семинарите, стручните расправи, советувањата кои ги организираат Здружението за кривично право и криминологија на РМ, Здружението на судии и Здружението на јавните обвинители. Низ неговото учество тој покажува способност за јасно прикажување и објаснување на проблемите со јасна мисла, со јасен јазик и речник, со што ги покажува своите педагошки способности да ги пренесе своите знаења и познавања.

Овие негови способности особено доаѓаат до израз и во вршењето на функцијата едукатор во Академијата за судии и јавни обвинители на Македонија, каде од кандидатите е оценет со највисока оценка.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на научниот, стручниот и професионалниот ангажман на д-р Тодор Витларов, ни претставува особено задоволство и чест на Наставно-научниот совет на Правниот факултет во Кочани, при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, да му предложиме да го избере кандидатот д-р Тодор Витларов во звање насловен доцент по предметот Казнено право на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

**Рецензентска комисија:**

**академик проф. д-р Владо Камбовски, претседател, с.р.**

**проф. д-р Љупчо Арнаудовски, член, с.р.**

**проф. д-р Стеван Алексоски, член, с.р.**